СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и вторaта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**72 (СЕДУМДЕСЕТ И ВТОРА) СЕДНИЦА - 30.XII.1993**

КИРО ГЛИГОРОВ – СВЕЧЕНА СЕДНИЦА - ОБРАЌАЊЕ ДО ПРАТЕНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РМ ЗА ЕДНОГОДИШНАТА РАБОТА

СЕДНИЦАТА ЗАВРШИ!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 декември 1993 година

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседателот на Собранието.

Седницата започна со работа во 11,30 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 72-та седница на Собранието на Република Македонија. Пратеникот Димитар Поповски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствуваат на седницата. Исто така и пратеничката Гулистана Марковска не е во можност од оправдани причини д присуства на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

За седницата се поканети претседателот на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на РМ, началникот на Генералштабот на Армијата на РМ, претседателот на Уставниот суд на РМ, претседателот на Врховниот суд на РМ, јавниот обвинител на РМ, јавниот правобранител на РМ, гувернерот на народната банка на РМ, директорот на Царинската управа, претседателот на МАНУ, директорот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, ректорот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола, како и поглаварот на МПЦ Го-дин Г-дин Михаил, бискупот на Скопско - Призренската бискупија и претседателот на Старешинството на исламската верза заедница на Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров да му се обрати на Собранието.

I/2 РД/ПН

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Господине претседателе, почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости, дами и господа, Собранието на РМ практично ја заокружи својата годинешна работа со расправа за едно исклучително важна тема, Новата програма, стабилизациони мерки на Владата, Документ кој многу непосредно ќе ја одреди не само економската политика и амбиентот во земјата во текот на 1994 година, туку е и реална претпоставка за одвивање на севкупниот економски и социјален живот брзото вклучување и стимулирање на активностите на меѓународниот финансиски капитал и пазар и воопшто натамошното зацврствување на меѓународната позиција на РМ.

Според мене, донесувањето на оваа Програма беше нужно. Во овој момент тоа е рационален економски и политички приод за стабилизирање на стопанските текови, за создавање претходни услови кои ќе го овозможат нужното одвивање на болниот период на транзиција.

Од тука, прашањето е и суштинско и политичко. Тоа ги исфрла на површина и крајно чувствителните и заострени економски и социјални проблеми, го потенцира прашањето на нужниот избор. А изборот ми се чини е однапред јасен, со јасна економска и социјална перспектива на земјата и со неизбежно економска социјална цена која мора да се плати. Веројатно ова е тема број 1 за Македонија во овој момент. Затоа неа може да и се пријде само со реализам. А реализмот значи да се тргне од објективната економско - социјална состојба во која се наоѓаме, од нејзиното влијание врз стабилноста на земјата и натамошното јакнење на нејзината меѓународна позиција. Истовремено реализмот значи и колку станувааме досадни на политичките цели кои токму овој Парламент

ги утврди во досегашното работење, а тоа е побрз од кон пазарна економија, кон правна држава, кон стабилни меѓунационални односи и кон заокружување на меѓународниот субјективитет и позиција на РМ. За што говорат овие аспекти.

Прво, РМ во овој момент се наоѓа на критична точка, јасно да се соочи со сложената состојба и уште појасно да ги утврди излезите од неа. За што говорат фактите од друга страна. Прво, ние сме земја во транзиција. Со сите последици што заради тоа објективно ги трпиме. Неповолна сопственичка структура и сложен и многу чувствителен процес на приватизација. Тој веќе започна, тоа е макотрпен процес на заокружување на вкупниот системски пазарен амбиент. Ова е првиот факт за кој треба да бидеме сосема свесни. Периодот на транзиција не можеме ниту да го прескокнеме, ниту да го игнорираме, ниту да го решаваме со демагошко - политичка волја. Тој период можеме само да си го олесниме со изборот на најмалата економско - социјална цена, што ќе не погоди сите како поединци и како граѓани и како држава.

Второ, ние сме економски недоволно развиена земја, со сите неповолни карактеристики, што таа неразвиеност, ги носи со себе си од стопанската структура, од животниот стандард, по вработеноста или невработеноста, социјалната сигурност и се што е поврзано со тоа. Промената на таа состојба на прв поглед и за не упатените значи натамошно заострување, особено на проблемите во социјалната сфера. Но тоа е единствениот начин да се најде за подолг период излез од неразвиеноста зашто оваа програма треба да ги реши не последиците, туку причините на економската криза во која се наоѓаме и да попречи на натамошното генерираше на проблемите.

Трето, ние сме земја која економски тешко ја погодува земјата на просторот на Бивша Југославија и спроведувањето на санкциите спрема Србија и Црна Гора. Традиционалниот пазар од нашето стопанство е крајно ограничен и скоро практично не постои а алтернативните пазари се за сега уште не усвоени. Тоа се прашања кој не зависат во моментот само од нашата волја и способност, тоа се проблеми кој реално ќе не погодуваат уште еден извесен период на време. Кон таа реалност мора да се прилагодуваме со многу сопствени напори и со нужна меѓународна помош. Секако е за поздравување одлуката на Советот за безбедност на 00Н кој побара на Македонија да и се пружи финансиски,техничка и материјална помош.

Четврто, веќе сме земја со потврден меѓународен легитимитет Нашето побрзо вклучување во светското стопанство и пазар нужно значи стандардизација на стопанскиот систем и економската политика врз утврдени правила и критериуми. Како членка на меѓународните економски и финансиски организации имаме права, но имаме и обврски.

Поддршката што веќе ни е дадена, или најавена во значајна мерка е резултат на уважувањето што нашата земја го има во странство. Како што покажавме пример на земја која се што постигна го стори на мирољубив и легитимен начин, претстојните промени во стопанството и политичкиот систем и успешното спроведување на стабилизационите мерки, само ќе го зацврсти довериeто спрема нас и готовноста да ни се помогне.

Ова се само куси набележувања на основните економски причини, зошто ни е програмата нужна. Со неа можеме да опфатиме побрз чекор на економската стабилизација на земјата, но и нејзиниот побрз развој што е од исклучително значење. Со тоа би се создале услови за нашето поскоро асоцирање во Европските интеграции.

Не смееме да пропуштиме почитувани пратеници, тоа што во моментот е очигледно голема предност на РМ во споредба со економската состојба и реформи во некои други соседни земји во нашиот регион да не ги исполнуваме.

Економската стабилизација на земјата е услов за нејзината вкупна социјална и политичка безбедност. Заради тоа,тоа е втората крупна задача и треба да и пријдеме со сета претпазливост и сериозност. Тоа е основата од која зависи и натамошниот развој на демократијата и изградбата на правната држава.

Токму затоа, и на овој аспект должни сме да му пријдеме пак со реализам. Продлабочувањето на економските проблеми и одлагањето на нивното решавање нужно води кон ескалација на социјалните конфликти. Опасностите од тоа по правило се изразуваат како слабеење на демократските процеси и создавање услови за оживување на разно разни егалитаристички идеи и популистички опции. Ако тоа се потцени резултатот би бил практично економска безперспективност и нестабилност и лесно ранлива демократија. Од таму, покрај нужните рестриктивни мерки кои се неизбежни во период на стабилизирање на нашата економија, мора да се води сметка и за социјалната издржливост и да се воспостави систем на решавање на социјалните конфликти.

Во овој контекст, посебно сакам да укажам на потребата за побрзо системско востановување и развој на судството во РМ. Тоа е всушност едно од нашите приоритетни задачи, бидејќи тоа значи не само комплетирање на 3-те функции на власт, туку има и непосредно значење за вкупното економско социјална и политичка стабилност на државата.

Ја користам оваа прилика почитувани пратеници да апелирам до сите вас на почетокот на годината што е можно поскоро Собранието

да го донесе пакетот закони за судската власт. Градењето на судството во кое секој граѓанин ќе има доверба од исклучително значење за нашата млада држава, како и за градењето на свеста, за карактерот на сопствената држава.

Прашањето на економскиот опстанок на РМ е прашање со кое интензивно се занимаваат многумина на Балканот. Тоа постојано се нудеше како главен"аргумент" дека РМ не може да опстане како држава бидејќи не е способна сама економски да опстане. Заради тоа во изминатите 3 години од прогласувањето ан нашата независност бевме изложени на разни економски блокади и притисоци. Ние докажавме нашата способност да ја сочуваме државата и во овие тешки услови и под такви притисоци, токму водејќи сметка за нејзината економска виталност и за позитивните импулси кој дојдоа од приватизацијата од нашата земја. Заканите да не дестабилизираат со економски мерки ги слушаме и денес. Но сепак, најважно е во моментот ние самите внатре во земјата да не дозволиме економски колапс што ќе еродира демократијата, што ќе ги доведе во прашање животот и стабилното ткиво на нашата држава за се ова дозволете ми да истакнам нема политичка цел која тоа може да го оправда.

Трето, во овој контекст од посебно значење е да создадеме економско социјални и политички амбиент кој ќе ја гарантира стабилноста на меѓунационалните односи во РМ. Веќе цели 3 години слушаме дека во РМ, "нужно мора да дојде до меѓуетнички конфликт и дека тоа ќе биде крајот на оваа држава" . Што покажа стварноста."

Прво, дека тој меѓуетнички конфликт не е нужен, кога се има јасна политичка опција дека ова е држава и татковина на сите што живеат во неа. Дека националностите треба да ги уживаат своите права,но и да ги почитуваат и носат своите одговорности спрема државата.

Тие права да се остваруваат и решаваат по пат на дијалог, разбирање со политички средства во рамките на системот и неговите институции. И второ дека остварувањето на таа единствено можна алтернатива што гарантира мир и хармонизација во меѓунационалните односи е во тесна зависност и од економско - социјалната состојба во државата. Тие работи се поврзани.

Четвртиот важен аспект е секако натамошното зацврстување на меѓународната позиција на РМ. Без нашата внатрешна економска и политичка стабилност, веќе се покажа во изминатиот период, не може да се говори, или ќе се говори сосема апстрактно за нашата меѓународна позиција. Досега со зачувувањето на мирот во државата, со трасирање на пазарната ориентација и демократскиот развој, со политиката на мир и добрососедство, успеавме да го заокружиме меѓународниот субјективитет на РМ. Се покажа дека и покрај познатото балканско опкружување и покрај огромните пречки што ни стоеја на патот, дека токму заради таквата наша политика го изборивме нашето место во меѓународната заедница.

Длабоко сум убеден дека нашиот Парламент, сите вие, ја инаугуриравте таа политика и стоевте зад таа политика. Таа наша позиција во овој момент приоритетно треба да јакне на економски план, надвор да се потврдиме на тој план, тоа е наш реален интерес. НО ве уверувам тоа е интерес и на пошироката меѓународна заедница. Стабилизацијата и економскиот подем на Македонија е нужен чекор на тој план. Тоа практично ќе ја одреди и спремноста на меѓународниот монетарен фонд, но Светската и Европската банка, на Европската унија и воопшто на интересот на странскиот капитал за поддршка на нашава земја. Тоа се факти. Секоја поинаква опција е туркање или во безнадежна ситуација на земјата, или нејзино маргинализирање во

светскиот стопански амбиент.

Почитувани пратеници и гости, токму на крајот на 1993 година може да речеме дека заокруживме една многу значајна фаза со историско значење во РМ. Се заокружува основниот процес на нашето меѓународно признавање. Создадени не сите, но секако некои базични законски рамки на општествениот развој и физиономирањето на нашата држава. Ги започнуваме најзначајните решенија за економска стабилизација на земјата. Затоа, изминатата 1993 година би ја нарекол година на заокружување на нашиот меѓународно правен и политички субјективитет и суверенитет.

РМ од 8 април годинава е членка на 00Н. Во моментот ја признаа повеќе од 50-тина земја, меѓу кои голем број исклучителни земји.

II/1.- ЛП/ОМ

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

А процесот на признавањето од други веќе е назначен и тече практично, секој ден, и денес. Република Македонија конечно стана меѓународна стварност, нова и респектирана држава на Балканот, фактор на мирот во регионот.

На што се должи тоа?

Сметам дека оваа историска придобивка е резултат на утврдената политика и платформа во овој Парламент и на широкото расположение граѓаните во земјава, доследно остварување во нашата надворешно - политичка активност:

- дека ќе опстанеме на мироЉубивиот и легитимен пат на стекнување и зачувување на нашата независност;

- дека Република Македонија во нејзините постојни граници е фактор и услов за стабилноста и мирот на југот на Балканот;

- дека се определуваме против војната и насилието, а за европска опција на Балканот, што значи за целосна рамноправност во односите со соседите, со отворени граници и целосен проток на луѓе, добра и идеи и за политички дијалог во решавањето на проблемите во односите со соседите.

- дека се определуваме за побрзо асоцирање на нашата земја и регионот со Европа, како единствена алтернатива за надминување на балканските историски апсурди.

Убеден сум дека во текот на 1994 година првата стапка во тој поглед - преговори за заклучување договор со Европската унија за политичка и економска соработка може да се оствари.

II/2.-

Нашата активна мироЉубива позиција и упорното опстојување на чочечките п национални права на македонскиот народ на сопствена држава, слободно изразување на својот национален идентитет и име беа нашиот основен ориентир и позиција. За тоа на наша страна го имавме правото, вистината, политичкиот дијалог. Тоа резултираше со 4 клучни резултати:

- Република Македонија е членка на ООН. Приемот во 00Н едногласно е извршен од сите членки на Организацијата. Призната е од голем број земји;

- нашиот територијален интегритет и мирот е реален и веќе потврден интерес на светската заедница. Превентивната дипломатија на ООН ги дава своите резултати. Американското присуство во рамките на Унпрофор е од големо значење за нас;

- Европската унија, со гласањето на нејзините членки во ООН и со најновото воспоставување дипломатски односи со Република Македонија на значаен дел од членките, практично го потврди извештајот на Арбитражната комисија на ЕЗ на господинот Бадинтер дека "Република Македонија ги исполнува сите услови да биде меѓународно призната";

- со трите претходни суштински резултати прашањето на спорот околу нашето име ги доби реалните рамки. Се покажа дека ние не загрозуваме ниту еден од нашите соседи, ниту пак нашата независност и меѓународно признавање се причина за нова Балканска војна. Напротив, покажавме дека сме фактор кој попречи војната да се прошири до нашата јужна граница. Покажавме дека токму независната македонска држава е клучот за мирот на југот на Балканот. Со тоа се исправаат историските грешки на овие простори. Таа независна Република Македонија стави точка на историската причина за балканските војни и конфликти, попречи секаков обид пак да се дели Македонија.

II/3.-

Јас сум длабоко уверен, се повеќе ќе се шири сознанието дека независна Република Македонија претставува витален интерес на соседна Грција. Ние имаме многу, многу повеќе причини да соработуваме целосно ако добри соседи, отколку да создаваме ново невралгично подрачје на Балканот. Со независноста на нашата земја се проширува безбедносниот појас на Грција за преку 200 километри на север, а нашата сигурност со нејзиното членување во НАТО.

Исто така, уверен сум дека веќе воспоставената пријателска соработка со Соединетите Американски држави, кои не спонзорираа при приемот во ООН, ни изразуваа значајна поддршка и помош во изминативе години, го направија исклучително значајниот чекор со испраќањето на војниците во рамките на Унпрофор и првиот чекор со отварањето на преставништето за врски во Скопје. Сето тоа ќе резултира, уверен сум, со логичен исход: Скорешно воспоставување на целосни дипломатски односи меѓу САД и Република Македонија.

Зошто вака накусо ги споменав овие работи?

Заради јаснотијата на позицијата во која се наоѓаме и заради фактот што овој тежок процес во нашето меѓународно признавање покажа дека умереноста и реализмот се единствениот можен пат на нашата надворешна политика. Сето тоа покажа дека не се оправдани ниту , од една страна, идеализирањето на меѓународните односи и фактори и практика, ниту пак целосниот нихилизам спрема нив како меѓународни чинители. Од една страна имаше кај нас воодушевување и очекување оти меѓународните фактори се ќе решат на најдобар начин бидејќи сме во право и, од друга страна, сомневање и оптужување оти тие ништо не ни помагаат, не чинат ништо за нас итн. Стварноста покажа дека меѓународните односи и практика почиваат на реални интереси и принципи. Тие не можат да се идеализираат ниту да се негираат.

II/4.-

- Се покажа дека правото, самото по себе, не ги решава проблемите, дека е нужно доследно опстојвуање на реалната политика: Мирно и разумно да се покажува своето право. Негирањето и нихилизмот спрема реалните меѓународни интереси е исто така јалова и штедна работа, како и преголемото воодушевуваше. Напротив, меѓународната политика ќе повторам дека е резултат не на еден, туку на мноштво интереси Затоа, тука не помагаат методите на агресивен притисок и насилие што се правеа кон нас. Наспроти тоа, се потврди дека нашето влегување во 00Н беше најдобриот, најразумниот начин да го оствариме конечното наше меѓународно признавање.

- нашата европска опција и почитувањето на европските принципи исто така се покажаа како единствената до мирот и стабилноста на државата и нејзината единствена надежна перспектива, без оглед на разочарувањата што ги доживувавме од време на време;

- се покажа дека Република Македонија со политиката на добрососедство и еквидистанца спрема сите соседи ги штити своите витални интереси, но и стабилноста во регионот. Се покажа дека нема потреба за посебни сојузништва.

Кога сите тие работи доволно јасно се искристализираат, се покажува дека останува една можна опција, која би можела да ја изрелативизира нашата меѓународна позиција и независност. Тоа е економска нестабилност на Република Македонија. За жал, аргумент кој често го слушаме од надвор.

Затоа, за да се покаже дека тоа е нереална надеж, со сите свои можности треба да се свртиме кон реализација на трајната опре делба за приватизација, за стабилен економски развој на пазарни осно за стабилизација на економските текови за нов технолошки развој.

II/5.-

Една од напите приоритетни задачи беше и е зачувување и јакнење на безбедноста на Република Македонија.

Најважната придобивка за нашиот народ и држава е што не дозволивме војната да се прошири на нашата територија и што ги избегнавме разните заки за дестабилизација на југот на Балканот. Доколку се случеше војна, не само што ќе беа непроценливи човечките жртви и материјалните разурнувања , туку воопшто ќе беше доведено во прашање постоењето и опстанокот на Република Македонија. Нашата цврста определеност да го сочуваме мирот и стабилноста во земјата и да не дозволиме проширување на војната, придонесе Република Македонија да биде уважувана како битен фактор на морот и стабилноста во регионот.

Грижата за безбедноста на Републиката на внатрешен план беше остварена низ неколку основни принципи. Се определивме за мирен и легитимен расплет на југословенската криза. ЈНА ја напушти нашата држава по мирен и договорен пат. Цврсто застанавме против агресијата што се случи и војната,против промената на границите по пат на сила и против политиките на етнички чистења. Во земјата го развивме концептот на хармонизација во меѓунационалните односи и сестран развој на правата на националностите. Се определивме за добрососедство и ја се декларираавме дека немаме територијални претензии кон ниту еден сосед.

Создадовме сопствена Армија и концепт на одбрана, со јасна определба дека сето тоа е под функција на мирот во регионот.

Нашата безбедност денес е на релативно стабилни основи. Но ние можните опасности не ги и не смееме да ги потцениме, особено водејќи сметка дека во регионот се уште трае крвава војна, дека постојат и одделни други потенцијални кризни жаришта во непосредното соседство -Косово, на пример, дека Балканот се уште ги живее атавизмите на 18-тиот и 19-иот век.

Но токму заради тоа и нашиот основен концепт е што поскоро Република Македонија да стане рамноправен член на колективната Европска и Светска безбедност. КЕБС е нашата прва алка. Но секако, исто толку битно е и во интерес на нашата безбедност и безбедноста во регионот и нашето вклучување прво во Советот на НАТО, а потоа и во НАТО. Затоа сметам дека е од извонредно значење е фактот што Собранието на Република Македонија веќе донесе конкретна одлука за тоа. Во овој период, особено е важно да го покажеме нашиот интерес за вклучување на Република Македонија најнапред во проектот на НАТО "Партнерство за мир". Нашето зачленување ќе биде подолг процес и ќе има свои фази, но нашата јасна определба во овој домен е од извонредно значење. Тоа треба да биде јасно пред целиот останат свет.

Веќе две години, по донесувањето на Уставот , го заокружуваме и законско - системскиот амбиент во државата. Се покажа:

- дека е оправдан концептот на државата и неговата заснованост врз почитувањето на човечките права и слободи и врз хармонизација на меѓунационалните односи;

- се покажа дека демократијата мора да се гради и да се остварува низ јасниот концепт на правна дражва, на цивилно општество и јасна поделба на власта.

Се покажа дека демократијата не е збир на желби и лични проекции, туку долготраен процес на артикулирање и спротивставување на разни интереси, на парламентарната и политичка сцена и едновремена битка за заштита на националните и граѓански интереси. Тие не треба да се спротивставуваат едни на други.

Тој наш основен ориентир беше гаранција за стабилноста во изминатите три години, иако доживеавме низа непријатни и несакани

искуства. Но најбитно во тоа е крајниот резултат, а тој се состои во следното:

- темелите на суверена и независна држава Македонија се удрени на 8 септември 1991 година. Тие се потврдија со Уставот на републиката и со приемот во ОН.

- и второ, вековните идеали и заложби на македонскиот народ се наша стварност,денес ја живееме, независна и меѓународно призната држава која е континуитет на Илинден 190 3, и АСНОМ 1994 година.

Почнувани пратеници, не постои сила што тоа може да го измени. Како што знаете  се обидоа тоа многумина во изминативе три години со тврдењата однадвор дека сме "вештачка творба", било како држава, било како нација, дека сме "комунистичка измислица". За волјата на вистината, сите тие тврдења веќе се сосема излитени. Република Македонија е почитувана реалност.

На крајот, дозволете ми уште еднаш да ги искажам моите длабоки уверувања дека Република Македонија отвара нова страница на својата историја и дека нејзината основна ориентација останува и натаму:

- независна држава, со отворена Европска опција и целосно интегрирана во меѓународната заедница и нејзините сигурносни системи;

- демократска и правна држава, во која меѓунационалните односи се уредуваат и ќе бидат уредени по меѓународните стандарди;

- пазарна економија и целосно отвораше кон светскиот пазар

Затоа, најпосле ја истакнувам нужноста Собранието и Владата и сите други чинители во Републикава да се свртат кон економските и

социјални прашања, кон стабилизацијата и развојот на нашата економија. Тоа ќе ја олесни транзицијата и ќе се создадат услови за стопанска ревалитизација. Тоа ќе биде трновит пат со проблеми и многу жртвања но друг пат нема, длабоко сум убеден . Или го има во некои нови државни економии, кои знаеме како функционираат, во психологии на лажна еднаквост, практично, на политика на сигурно економско и цивилизациско назадување.

Дозволете ми  на крајот, да Ви ја честитам на сите присутни. Новата 1994 година и на православните пратеници и гости светлите Божиќни празници. Да смогнеме сили да го довршиме делото започнато со декларацијата за независност, со референдумот, со Уставот, со остварениот меѓународен субјективитет, со натамошните нужни закони и да им оставиме на следното Собрание и следната Влада заокружена држава со сите нејзини атрибути.

Ви пожелувам целосен успех во тоа и многу лична среќа и здравје.

(Аплауз во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот аз неговото обраќање.

Ја заклучувам 72-та седница на Собранието на РМ.

Сите присутни Ве повикувам на приемот што го организираме по повод Новогодишните и Божиќните празници во салата за свечени приеми на Собранието.

На пратениците им давам уште едно известување. После приемот во 14,00 часот да се вратиме овде за да ја довршиме расправата по законот за продажба на деловниот простор бидејќи од Владата имаме писмо со кое укажува дека имаме обврска тој закон до Нова година да го донесеме.

(Седницата заврши во 12,10 часот).